Врз основа на член 41 од Правилникот за Условите за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/12) Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 27 ноември 2013 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за одобрување на Правилник за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија

1. Се одобрува Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија, доставен до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија од страна на Друштвото за снабдување со топлинска енергија - Снабдување со топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ – Скопје, под бр. 03-633/1 на 24.10.2013 година, како носители на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија.

2. Текстот на одобрениот Правилник за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија е прилог на ова Решение.

3. Се задолжува Друштвото за снабдување со топлинска енергија - Снабдување со топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ – Скопје, текстот на Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија одобрен со ова Решение да го објави на својата веб страна .

4. Жалбата изјавена против ова Решение, не го одлага неговото извршување.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно на член 41 од Правилникот за Условите за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/12) Друштвото за снабдување со топлинска енергија - Снабдување со топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ – Скопје, достави до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија текст на Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија под бр. 03-633/1 на 24.10.2013 година, заради одобрување.

Доставениот текст на Правилникот за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија, претставува финална верзија на усогласувањето помеѓу Друштвото за снабдување со топлинска енергија - Снабдување со топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ – Скопје со Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката во рок од 15 дена од денот на неговото донесување.

**Бр. 02- 2010/1**
**27.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**

***Прилог:***
**Правилник за утврдување на квалитетот на испорачаната топлинска енергија**